**З А П И С Н И К**

**од 42-ва редовна седница на Советот на Општина Валандово**

**одржана на ден 31 ти јануари 2025 година**

Седницата се одржа во салата за седници на Советот на Општина Валандово со почеток во 12.00 часот.

Со седницата претседаваше Претседателот на Советот на Општина Валандово, Владимир Марков.

На седницата беа присутни беа 13 советници, Градоначалникот на Општината г-дин Перо Костадинов и претставници од општинската администрација.

Седницата се снимаше од Радио Валандово и се пренесуваше во живо.

За 42 вата редовна седница беше предложен дневен ред од 22 точки.

**Д Н Е В Е Н Р Е Д**

1. Квартален Извештај за извршување на Буџетот на Општина Валандово за периодот од 01.01.2024 до 31.12.2024 година;

2. Предлог - Одлука за отпис и расходување на основни средства, опрема и ситен инвентар сопственост на Општина Валандово;

3. Предлог – Одлука за определување на просечна цена за утврдување на пазарна вредност на градежното (неизградено и изградено) земјиште на подрачјето на Општина Валандово за 2025 година;

4. Предлог – Одлука за определување на просечната цена за утврдување на пазарната вредност на земјоделско земјиште, шуми и пасишта на подрачјето на Општина Валандово за 2025 година;

5. Извештај за реализираната годишна програма за работа на ЈОУ Дом на културата „25-ти Мај“ Валандово за 2024 година;

6. Предлог - Програма за работа на ЈОУ Дом на културата „25-ти Мај“ Валандово за 2025 година;

7. Извештај за работата на Територијалната противпожарна единица Валандово во 2024 година;

8. Извештај за работата на ЈП „Комунален сервис“ Валандово за 2024 година;

9. Давање согласност на Одлуката за усвојување на тарифа за собирање и одведување на урбани отпадни води на ЈП „Комунален сервис“ Валандово за 2025-2027 година;

10. Давање согласност на Одлуката за усвојување на тарифа за снабдување со вода за пиење или водоснабдување на ЈП „Комунален сервис“ Валандово за 2025-2027 година;

11. Извештај за реализацијата на Програмата за изградба, реконструкција, одржување и заштита на локалните патишта и улици во Општина Валандово во 2024 година;

12. Извештај за реализацијата на Програмата за одржување на јавното осветлување на подрачјето на Општина Валандово за 2024 година;

13. Предлог – Одлука за одобрување на финансиска помош за санирање на штетите од пожар на индивидуална семејна куќа во с.Марвинци, Општина Валандово;

14. Предлог – Одлука за одобрување на финансиска помош на Карате клуб „Армор” Гевгелија за учество на Европско првенство;

15. Предлог - Одлука за одобрување на финансиски средства на ЈОУ Дом на култура „25 Мај Валандово за реализирање на тековни обврски;

16. Предлог - Одлука за одобрување на финансиски средства на ЈП ”Комунален Сервис” Валандово;

17. Предлог – Одлука за давање на согласност за воведување на нова образовна струка и нов образовен профил во СОУ „Гоце Делчев,, Валандово;

18. Предлог - Одлука за прифаќање на Предлог за воспоставување на меѓуопштинска соработка ;

19. Предлог -Одлука за формирање на заедничка комисија;

20. Информација за јавната безбедност и безбедност на сообраќајот на подрачјето на Општина Валандово за второто полугодие од 2024 година;

21. Информација за именување на нови членови во Управен одбор на ЈП „Комунален сервис“ Валандово;

22. Информација за именување на нов член во Надзорен одбор на ЈП „Комунален сервис“ Валандово.

Беше отворена расправа по дневниот ред.

Процедурално се јави за збор Тоше Тодоров. Рече дека во име на советничката група на ВМРО ДПМНЕ бара последните 2 точки, 21-ва и 22-ра да бидат симнати од дневниот ред, поради тоа што разрешувањето на старите членови не е оправдано.

Претседателот на Советот Владимир Марков појасни дека не се работи за разрешување туку само за информација, бидејќи некои од членовите константно не доаѓаат на седниците на УО и НО.Засега ова е само информација , а за тоа како ќе се разрешуваат и ќе се именуваат нови членови. Ќе се разговара на наредната седница. Но , секако овој предлог за тргнување од дневниот ред рече дека ќе биде ставен на гласање.

Предлогот за последните 2 точки, 21-ва и 22-ра да бидат симнати од дневниот ред беше ставен на гласање и со 5 ЗА , 8 гласа ПРОТИВ и 0 ВОЗДРЖАНИ истиот не беше изгласан.

По ова дневниот ред со 22 точки беше ставен на гласање и изгласан со 8 гласа ЗА, 5 ПРОТИВ и 0 ВОЗДРЖАНИ .

Пред да се отпочне со работа по дневниот ред, беше отворена расправа по записникот од 41 вата редовна седница.

Никој не се јави за збор и истиот беше ставен на гласање и изгласан едногласно со 13 гласа ЗА.

Се премина на работа по усвоениот дневен ред:

ТОЧКА 1

По Кварталниот Извештај за извршување на Буџетот на Општина Валандово за периодот од 01.01.2024 до 31.12.2024 година образложение имаше Марија Чурлинова Јорданова. Таа детално ја презентираше Кварталниот Извештај за извршување на Буџетот на Општина Валандово за периодот од 01.01.2024 до 31.12.2024 година.

Беше отворена расправа.

За збор се јави Тоше Тодоров. Рече дека реализацијата на Буџетот за 2024 година е добра, процентот на приходи и расходи е добар и тој смета дека тоа е поради тоа беше изборна година. Рече дека има зголемување на приходите од данок на имот, комунални такси и надоместок за уредување на градежно земјиште. Кај овие две ставки, комунални такси и надоместок за уредување на градежно земјиште, не може секогаш да има висок процент, тоа зависи од тоа колку има барања за градење и за уредување на градежното земјиште, но и покрај тоа што има висок процент на реализација, но праша каде се тука капиталните инвестиции кои што на долг рок ќе придонесат за развој на општината.

Градоначалникот се јави за реплика.Рече дека советникот Тоше Тодоров како што го гледа Буџетот, подобро воопшто да не го гледа и го праша каква била реализацијата на Буџетот за 2023 година и 2024 година.

Советникот Тоше Тодоров се јави за контрареплика. Рече дека дали треба или не треба да го гледа Буџетот не треба градоначалникот да каже, а тој е советник и секако дека треба да го гледа.Каква била реализацијата на Буџетот во претходните години рече дека била во помал процент од 2024 година сигурно, а во овој Буџет во 2024 година има плаќање на проекти кои биле реализирани во претходните години, а тоа е јасен показател дека во тековната година имало чистење на обврските од претходните години.

Градоначалникот се јави за збор. Рече дека одговор не добивме и обврска на секој советник е да го гледа Буџетот, но доколку не умее да го чита потребно е прво некој да ги едуцира па да можат да дискутира за него. Бидејќи тоа се прави во континуитет, не смее да се дозволи да се манипулира пред граѓаните во однос на Буџетот. Без разлика на тоа дали имало избори или не, Буџетот е апсолутно изготвен по сите параметри, и развоен и во голема мера вклучува капитални расходи. Рече дека доколку нема да каже нешто издржано, подобро да не кажува ништо и пак гласајте си исто, така ќе биде по коректно.Рече дека кога се зборува за реализација на приходите, не треба да се заборави дека Советот на ОВ и општинската администација донесе ГУП и многу ДУП -ови и поради тоа се зголемија приходите, а тоа некој требаше да го изработи.Тоа е вистинска грижа за локалната заедница и за развојот и за иднината на локалната заедница, бидејќи приходите по тие основи ќе останеа на исто ниво како и претходните години наназад, ако не се направеа УП. Додаде

дека не очекува од негова страна да биде пофален , бидејќи тоа никогаш се нема случено, но барем да биде воздржан. За Буџетот рече дека е план за реализација на приходи и расходи, а Кварталниот извештај е реалната реализација на тој план. Доколку знаевте да шитате Буџет ќе знаевте колку е реализацијата на тој план. Замоли да не се шират муабети, бидејќи реализацијата на Буџетот е на поголемо ниво, дури и од тоа што самата општинска администација очекувала. Рече дека немаат доблест да кажат дека тоа е добро и на секоја небулоза ќе добиваат на писмено за се што е направено како капитална инвестиција за наредната седница.

Немаше никој друг пријавено за дискусија, па истиот беше ставен на гласање и едногласно изгласан со 8 гласа ЗА , 5 ПРОТИВ и 0 ВОЗДРЖАНИ.

ТОЧКА 2

По Предлог - Одлука за отпис и расходување на основни средства, опрема и ситен инвентар сопственост на Општина Валандово образложение даде Марија Чурлинова Јорданова.

Немаше никој пријавено за дискусија, па истата беше ставена на гласање и едногласно изгласана со 13 гласа ЗА , 0 ПРОТИВ и 0 ВОЗДРЖАНИ.

ТОЧКА 3

По Предлог – Одлука за определување на просечна цена за утврдување на пазарна вредност на градежното (неизградено и изградено) земјиште на подрачјето на Општина Валандово за 2025 година образложение даде Анита Трајкова.

Беше отворена расправа, но немаше никој пријавено за дискусија, па истата беше ставена на гласање и едногласно изгласана со 13 гласа ЗА , 0 ПРОТИВ и 0 ВОЗДРЖАНИ.

ТОЧКА 4

По Предлог – Одлука за определување на просечната цена за утврдување на пазарната вредност на земјоделско земјиште, шуми и пасишта на подрачјето на Општина Валандово за 2025 година образложение повторно даде Анита Трајкова.

Немаше никој пријавено за дискусија, па истата беше ставена на гласање и едногласно изгласана со 13 гласа ЗА , 0 ПРОТИВ и 0 ВОЗДРЖАНИ.

ТОЧКА 5

По Извештајот за реализираната годишна програма за работа на ЈОУ Дом на културата „25-ти Мај“ Валандово за 2024 година образложение даде директорот Деан Исиров.

Беше отворена расправа, но немаше никој пријавено за дискусија, па истиот беше ставен на гласање и едногласно изгласан со 13 гласа ЗА , 0 ПРОТИВ и 0 ВОЗДРЖАНИ.

ТОЧКА 6

По Предлог - Програма за работа на ЈОУ Дом на културата „25-ти Мај“ Валандово за 2025 година повторно образложение даде директорот Деан Исиров.

Беше отворена расправа, но немаше никој пријавено за дискусија, па истата беше ставена на гласање и едногласно изгласана со 13 гласа ЗА , 0 ПРОТИВ и 0 ВОЗДРЖАНИ.

ТОЧКА 7

По Извештајот за работата на Територијалната противпожарна единица Валандово во 2024 година немаше пријавено за дискусија па беше ставен на гласање и изгласан со 13 гласа ЗА.

ТОЧКА 8

По Извештај за работата на ЈП „Комунален сервис“ Валандово за 2024година образложение даде директорот на ЈП Глигорије Џилвиџиев.

Беше отворена расправа.

Никој не се јави заа збор и истиот беше ставен на гласање и изгласан со 8 гласа ЗА,5 ПРОТИВ и 0 ВОЗДРЖАНИ.

ТОЧКА 9

По точката Давање согласност на Одлуката за усвојување на тарифа за собирање и одведување на урбани отпадни води на ЈП „Комунален сервис“ Валандово за 2025-2027 година повторно образложение даде Глигорије Џилвиџиев, заедно и за двете точки.

За збор се јави Тоше Тодоров.Рече дека во Кварталниот извештај и во Извештајот за работа на ЈП Комуналниот сервис што е доставен до Советот стои дека ЈП има добивка од 1200 000 денари. Чудно е тоа што и поктај тие показатели има барање за покачување на цената на водата за пиење и одведување на отпадни води. И покрај тоа што тоа покачување е минимално, граѓаните ќе го осетат на својот грб и даде пример за тоа ако граганите плаќале 1000 денари, сега ќе плаќаат околу 1250-1300 денари. И покрај тоа што Општината одвојува секиј месец средства за плаќање на долговите на ЈП сепак тие бараат покачување на цената.

Градоначалникот се јави за реплика. Рече дека сега на дневен ред сега на дневен ред се согласност за одлуките за покачување на цената на водата и одведување на отпадните води и побара појаснување за тоа каква врска има дискусијата за работењето на ЈП Комунален сервис. Побара во иднина да се почитуваат процедурите и доколку некој

дискутира за точка што не е на дневен ред да му биде укината таа можност да шири небулози и замоли да не се грижат толку за граѓаните, бидејќи освен за лични интереси не се грижат за ништо друго.

Повторно образложение даде Глигорије Џилвиџиев. Рече дека ЈП не бара измени на цените на услугите туку ја испочитува законската обврска да достават барање до Регулаторна комисија за утврдување на цената на услугите и доколку не достави такво барање ЈП ќе биде казнето со огромна казна и за правното и за раководното лице. А за добивката што е прикажана во извештајот таа е точна, но за репер е земена 2023 година. Сметките на граѓаните ќе се покачат многу малку , а не за 25% како што се прикажува од страна на опозицијата. Цената е покачена за 2 денари од м3 и за 10 м3 треба да има покачување од 20 денари. А дека ЈП има добивката е точно и тоа се должи на домаќинското работење на ЈП. Кога ЈП излезе на слободниот пазар на електрична енергија беше критикувано дека прави штета, а само во периодот од август до декември има заштеда 1 325 000 денари, иако цената на берзата е зголемена. Доколку Советот не ја одобри Одлуката Регулаторна комисија ќе му наложи на ЈП да ја почитува цената. Додаде дека вкупната цена на комунални услуги не се однесуваат само на водата и на одведувањето на отпадната вода туку тука спаѓа и јавна чистота, собирање на смет и другите трошоци што државата ги плаќа спрема државата како ДДВ, фонд за води и др.

Нада Камчева се јави за збор и праша што се случува со водата во Валандово, бидејќи веќе 3 дена не се пие. Уште колку ќе трае и кога ќе се реши проблемот.

Владимир Марков зема збор. Рече дека ова не е тема на точката, но во интерес на граѓаните ќе дозволи да се даде одговор.

Образложение даде директорот на ЈП Глигорије Џилвиџиев. Рече дека ЈП прави постојано анализи на водата со цел да се обезбеди чиста и квалитетна вода за пиење. Последните анализи покажаа дека има отстапувања и за тоа беше известен надлежниот инспектор и беше направена забрана за пиење на водата. Според новите добиени анализи водата е исправна, но додека да се добие официјално известувањето од санитарната инспекција, граѓаните подобро е да се воздржат од пиење.

Никој не се јави за збор и точката Давање согласност на Одлуката за усвојување на тарифа за собирање и одведување на урбани отпадни води на ЈП „Комунален сервис“ Валандово за 2025-2027 година беше ставена на гласање и изгласана со 8 гласа ЗА, 5 ПРОТИВ и 0 ВОЗДРЖАНИ.

ТОЧКА 10

По точката Давање согласност на Одлуката за усвојување на тарифа за снабдување

со вода за пиење или водоснабдување на ЈП „Комунален сервис“ Валандово за 2025-2027 година беше отворена расправа.

Никој не се јави за збор па претседателот на Советот Владимир Марков зема збор. Рече дека претпоставувa дека советничката група на ВМРО ДПМНЕ ќе гласа против, а се рабти за Одлука која Советот законски треба да ја донесе, да ја почитува. На Советот Одлуката се носи заради транспарентност. Упати апел до советниците од опозицијата да внимаваат како се однесуваат, праќаат многу шпекулативни вести дека ЈП бара да се покаќат цените иако директорот објасни дека тоа е законска обврска на секое ЈП и мора така да функционира. Рече дека истото се направи кога се носеше Опдлука за прифаќање на селата што беше законска обврска, а тие се изземаа од гласање. Не е коректно да се затскриваат зад мнозинството кое ги носи одлуките , а тие да добиваат одредени политички поени.

Никој друг не се јави за збор и точката Давање согласност на Одлуката за усвојување на тарифа за снабдување со вода за пиење или водоснабдување на ЈП „Комунален сервис“ Валандово за 2025-2027 година беше ставена на гласање и изгласана со 8 гласа ЗА, 5 ПРОТИВ и 0 ВОЗДРЖАНИ.

ТОЧКА 11

По Извештајот за реализацијата на Програмата за изградба, реконструкција, одржување и заштита на локалните патишта и улици во Општина Валандово во 2024 година образложение даде градоначалникот.

Беше отворена расправа. За збор се јави Тоше Тодоров.Рече дека поради тоа што беше спомнат за квалитетот на изведба никогаш не коментирал досега, за тоа има надзор кој гарантира за тоа, а тоа колку тротоарите и улиците се сметаат за капитални инвестиции, ќе кажат граѓаните.Рече дека тоа не ги храни. Можеби им го олеснува животот, но не им помага во егзистенцијата. Но, кога се зборува за некои проекти, предложи да се провери проектот за изградба на тротоарите со лизгави плочки на кои што граѓаните реагираат.

Градоначалникот го праша советникот Тоше Тодоров ако може да каже кога последен пат има поминато по тротоарот и кога паднал на истиот, ако не ќе побара информација од здравствениот дом какви повреди се здобил.Рече дека ако изградбата на локалната патна инфраструктура не е капитален проект, нека се обрати на граѓаните и да им каже да не бараат улици, патишта и канализации.За да има развој една општина треба да се обезбеди базична инфраструктура, а тоа е улиците и патиштата што ќе се продолжи со нивната изградба и уредување во сите населени места во Валандово.

Немаше пријавено за дискусија па беше ставена на гласање и изгласана со 7 гласа ЗА, 5 ПРОТИВ и 0 ВОЗДРЖАНИ.

ТОЧКА 12

По Извештајот за реализацијата на Програмата за одржување на јавното осветлување на подрачјето на Општина Валандово за 2024 година немаше пријавено за дискусија па беше ставена на гласање и изгласана со 7 гласа ЗА и 5 ПРОТИВ.

ТОЧКА 13

По Предлог – Одлука за одобрување на финансиска помош за санирање на штетите од пожар на индивидуална семејна куќа во с.Марвинци, Општина Валандово во износ од 180 000 денари за 2 куќи, немаше пријавено за дискусија, па беше ставена на гласање и изгласана со 12 гласа ЗА едногласно.

ТОЧКА 14

По Предлог – Одлука за одобрување на финансиска помош на Карате клуб „Армор" Гевгелија за учество на Европско првенство во износ од 60 000 денари немаше пријавено за дискусија па беше ставена на гласање и изгласана со 12 гласа ЗА едногласно.

ТОЧКА 15

По Предлог – Одлуката за одобрување на финансиски средства на ЈОУ Дом на култура „25 Мај Валандово за реализирање на тековни обврски образложение даде градоначалникот.

Немаше пријавено за дискусија па беше ставена на гласање и изгласана со 7 гласа ЗА, 5 ПРОТИВ и 0 ВОЗДРЖАНИ.

ТОЧКА 16

По Предлог - Одлука за одобрување на финансиски средства на ЈП"Комунален Сервис" Валандово образложение даде градоначалникот.

За збор се јави Нада Камчева. Праша зошто да се даваат средства на ЈП Комунален сервис заради тоа што се зголемуваат населените места кога од секое населено место треба да се собираат средства и средствата во ЈП треба да растат.

Градоначалникот одговори дека за да почне со собирање на средства од населените места треба прво да обезбеди добра линија, да го провери квалитетот на водата и тоа е изложеност на трошоции како општинско ЈП сите треба да покажеме грижа.

Нада Камчева се јави уште еднаш со предлог да се собира отпадот двапати неделно од контејнетите наместо еднаш и да се доставaт метални канти за собирање на пепелта која ја исфрлаат граѓаните.

Градоначалникот одговори дека во планот за јавни набавки на ОВ има набавка на нови канти и контејнери и многу брзо ќе премине на селектирање на отпад , со помош на нашите збратимени општини од Хрватска (Крк и Црес) кои се понудија да помогнат и кои се над хрватскиот просек за селектирање на отпад.

Немаше пријавено за дискусија па Предлог - Одлука за одобрување на финансиски средства на ЈП"Комунален Сервис" Валандово беше ставена на гласање и изгласана со 7 гласа ЗА, 5 ПРОТИВ и 0 ВОЗДРЖАНИ.

ТОЧКА 17

По Предлог – Одлука за давање на согласност за воведување на нова образовна струка и нов образовен профил во СОУ „Гоце Делчев,, Валандово немаше пријавено за дискусија па беше ставена на гласање и изгласана со 11 гласа ЗА едногласно.

ТОЧКА 18

По Предлог - Одлука за прифаќање на Предлог за воспоставување на Меѓуопштинска соработка немаше пријавено за дискусија па беше ставена на гласање и изгласана со 11 гласа ЗА едногласно.

ТОЧКА 19

По Предлог -Одлука за формирање на заедничка комисија немаше пријавено за дискусија па беше ставена на гласање и изгласана со 11 гласа ЗА едногласно.

ТОЧКА 20

По Информацијата за јавната безбедност и безбедност на сообраќајот на подрачјето на Општина Валандово за второто полугодие од 2024 година немаше пријавено за дискусија па беше ставена на гласање и изгласана со 11 гласа ЗА едногласно.

ТОЧКА 21

По Информација за именување на нови членови во Управен одбор на ЈП

„Комунален сервис“ Валандово и

ТОЧКА 22

Информација за именување на нов член во Надзорен одбор на ЈП„Комунален сервис“ Валандово образложение даде Владимир Марков. Рече поради повеќе последователни отсуства на некои членови на седниците на УО и НОкако Совет има обврска како информација да го сподели со сите советници и со јавноста, а на наредната седница ќе се спроведе постапка за избор на нови членови.

Тоше Тодоров се јави за збор. Рече дека како советничка група тие побарале овие точки да се тргнат од дневен ред.Не ја гледа оправданоста сега да оди како информација, дали тоа е како заплашување на членовите дека истите ќе се разрешуваат. Членовите за кои се работи, ги известиле и претседателите на овие одбори дека не биле во можност да присуствуваат на седниците кои константно се одржувале во 11-12 часот,бидејќи тие се вработени во приватен сектор и во друг град.Од нивна страна било побарано да се одржуваат во друг термин попладне.За тоа имаат доставено и изјави кои му ги доставија на претседателот на Советот. Рече дека целта е да има разбирање и да се функционира и не гледа зошто точките се на дневен ред.

Градоначалникот одговори дека веднаш треба да се престане со изврутвање на вистината.Овие членови се предложени од страна на ВМРО ДПМНЕ иако сакаше некој да ги заплаши ќе назначеше веднаш нови, но се оди на тоа да повторно опозицијата си назначи свои членови кои ќе доаѓаат на седниците на УО и НО. А тоа дека работат во приватен сектор не е оправдување, бидејќи и самиот советник Тоше Тодоров работи во приватен сектор, но е присутен на Совет. Повтори дека треба да се престане со изврутвање на вистината и додека е тој градоначалник никој нема да биде заплашен или да му се направи нешто.

Претседателот Владимир Марков зема збор. Рече дека и покрај сугестиите да не се шират шпекулации, се продолжува со истото. Рече дека има политички договор за членовите на комисии и УО и НО за да има присуство на членови од опозицијата за да се работи потранспарентно. Сите овие членови можеле да присуствуваат на седници, и ако се разрешат, тие повторно од страна на опозицијата ќе се назначат нови. Сега според закон градоначалникот има право да назначи ВД, а потоа ќе одат на оглас.

Нада Камчева се јави за збор. Рече дека има најави дека седниците не се закажуваат 3 дена претходно како што е законски туку 2 дена, и тоа по меил, без да се добие повратен одговор.

Претседателот Владимир Марков одговори дека повторно се оди со шпекулации. Се закажува 3 дена претходно , но во итни случаи моќе и пократко но да не се присуствува на седница повеќе пати не е оправдување.Истото го потврди и директорот на ЈП Комунален сервис.

Градоначалникот зема збор. Рече дека од целата дискусија произлегува дека советниците од опозицијата остануваат на став да останат истите членови, а останува само околу треминот да се најде заеднички јазик со претседателите на УО и НО.

Претседателот на Советот рече дека ова е информација и истата не треба да се усвојува.

Со ова беше исцрпен дневниот ред и седницата беше заклучена.

Претседател

| | |
|---|---|
| Записничар | на Совет на Општина Валандово |
| Соња Христова Јовановиќ | Владимир Марков |